Република Северна Македонија

СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

# **Д Е Л О В Н И К**
# **за работа на Советот за безбедност и здравје при работа**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Деловникот за работа се уредува работата на Советот за безбедност и здравје при работа (во понатамошниот текст Советот), правата и должностите на претседателот, потпретседателот, секретарот и членовите на Советот и други прашања од значење за неговата работа.

Член 2

Деловникот за работа на Советот е задолжителен за сите членови на Советот, како и за сите други учесници во работата на Советот.

Член 3

Работата на Советот е јавна.

Член 4

(1) Членовите на Советот избираат претседател, потпретседател и секретар на Советот по предлог на членовите на Советот.

(2) Претседателот, потпретседателот и секретарот на Советот се избираат со мандат од четири години, со право на реизбор.

(3) При изборот, треба да се има во предвид претседателот и потпретседателот да бидат од различни организации, т.е. од различни засегнати страни претставени во Советот.

(4) Секретарот на Советот се избира од  редот на членовите на Советот именувани од Владата на Република Северна Македонија.

(5) На претседателот, потпретседателот и секретарот на Советот, мандатот може да им престане предвремено по нивно барање, со престанување на членството во Советот или во други случаи.

## II. НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

Член 5

Членот на Советот има право и должност да присуствува на седниците на Советот и да учествува во неговата работа, да предлага дневен ред, измени и дополнување на дневниот ред, да учествува во расправата и во донесувањето на заклучоците и да врши други работи кои, во рамките на надлежноста на Советот, ќе му ги довери Советот.

Член 6

Претседателот на Советот има право и должност да:

- го претставува Советот,
- ги свикува и претседава со седниците на Советот,
- го утврдува бројот на присутните членови на седницата на Советот,
- им дава збор на учесниците во дискусијата,
- ги утврдува иницијативите, мислењата, предлозите и препораките на Советот,
- ги потпишува актите кои ги донесува Советот,
- се грижи за доследна примена на Деловникот;
- врши други работи кои ќе му ги довери Советот.

Член 7

Потпретседателот на Советот го заменува претседателот на Советот во негово отсуство и ги има истите права и должности како и претседателот, утврдени со овој деловник.

Член 8

Секретарот на Советот учествува во подготовката, комуникацијата и организирањето на седниците на Советот и врши други работи, во консултација со претседателот, односно потпретседателот на Советот.

Член 9

(1) Советот работи на седници.

(2) Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот, а во случај на спреченост должноста је презема потпретседателот на Советот.

(3) Седницата на Советот се свикува и по барање на еден од членовите на Советот со образложение.

(4) Претседателот на Советот свикува седница на Советот во рок од седум дена од денот на поднесувањето на барањето од став (3) на овој член.

(5) Седницата на Советот се свикува по потреба, а најмалку три пати годишно.

(6) Седницата се свикува со покана со предлог дневен ред, записник од претходната седница и работен материјал, најмалку седум дена пред одржувањето на седницата.

(7) Седницата може да се свика и во покус рок и без работен материјал.

Член 10

(1) Дневниот ред за седницата го предлага претседателот, а го утврдуваат членовите на Советот на самата седница.

(2) Секој член на Советот може да предложи измени и дополнувања на дневниот ред со образложение.

(3) Одредени точки од дневниот ред можат да бидат одложени за наредната седница, доколку присутните членови на Советот заклучат дека нема доволно информации за одлучување или дискутирање.

(4) Дневниот ред се усвојува ако за него се изјасниле мнозинството од присутните членови на Советот.

Член 11

(1) Во работата на Советот учествуваат членовите на Советот.

(2) Во случај на спреченост на член на Советот да присуствува на седницата, истиот е должен да го најави своето отсуство кај претседателот на Советот, три дена пред одржувањето на седницата

(3) За дискусија по одредени прашања, членовите на Советот можат да побараат и присуство на седницата на ресорните министри и/или други лица-експерти, без право на глас.

Член 12

(1) Со седницата на Советот раководи претседателот на Советот.
(2) Во отсуство на претседателот, со седницата раководи потпретседателот на Советот.

Член 13

Седницата на Советот се одржува доколку присуствуваат најмалку еден член од Владата на Република Северна Македонија и седум членови од останатите претставници во Советот.

Член 14

(1) Времетраењето на дискусиите не е ограничено.

(2) Дискусијата на учесникот може да биде прекината доколку отстапува од дневниот ред.

(3) Редоследот на учесниците во дискусијата е согласно со пријавувањето.

Член 15

(1) Советот, по правило, актите, мислењата, предлозите и препораките ги усвојува со консензус од присутните.

(2) Во спротивно, се одлучува со гласање, со просто мнозинство од вкупниот број на членови на Советот присутни на седницата.

Член 16

Организациските, стручни и административно-технички работи за потребите на работата на Советот, ги врши лице определено од Министерството за труд и социјална политика, во консултации со Секретарот на Советот.

Член 17

(1) Советот усвоените документи од својата надлежност, по потреба ги доставува до Владата на Република Северна Македонија, до соодветните министерства, други органи на државна управа, институции, организации и стручни служби.

(2) Советот за одделни прашања може да побара информација од Владата, министерствата, државните органи, институции и организации, заради извршување на својата работа.

(3) Советот може да овласти поединци или стручни групи, за соработка со соодветните министерства, државни органи, институции, организации и стручни служби, како и за реализација на одредени активности од надлежност на Советот.

Член 18

(1) За секоја одржана седница на Советот се води записник.

(2) Секој член на Советот има право да бара во записникот да се внесе неговото издвоено мислење.

(3) Записникот го води административното лице определено од Министерството за труд и социјална политика.

(4) Записникот се усвојува на наредна седница на Советот.

(5) Записникот, по неговото усвојување, го потпишува претседателот на Советот.

## III. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 19

(1) Доколку Советот процени, за одредени важни заклучоци и препораки ќе ги информира ресорните министерства и/или Владата на Република Северна Македонија, преку известување или изготвени материјали.

(2) Членовите на Советот во согласност со претседателот, односно потпретседателот, можат да ја информираат јавноста за ставовите и мислењата по одредени прашања кои биле на дневен ред на седница на Советот.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Овој деловник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Совет за безбедност и здравје при работа
Претседател,
***Проф. д-р Јасмина Чалоска***

__________________________

Скопје, јануари 2020 година